Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневните настани 26.11.2021

На 25.11.2021 во 06.10 и 08.10 часот во Стар и Нов Дојран, полициски службеници од ОВР Гевгелија - Полициско одделение Нов Дојран ги лишиле од слобода Д.Р.(43) и Е.И. (27), двајцата од Стар Дојран и Т.А.(56) од Нов Дојран. При претреси во нивните домови, извршени со судска наредба, биле пронајдени и одземени дрога и други предмети кои потекнуваат од кривични дела. При претрес во домот на Д.Р. биле пронајдени и одземени марихуана, предмети со остатоци од прашката материја, пари и други предмети кои потекнуваат од сторени кривични дела „тешка кражба" и „кражба", извршени на подрачјето на општина Дојран. Во домот на Е.И. биле пронајдени и одземени марихуана, пари и предмети кои потекнуваат од сторени кривични дела „тешка кражба" и „кражба", извршени на истото подрачје, додека при претресот во домот на Т.А. биле пронајдени марихуана и стебла од растението канабис. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 25.11.2021, полициски службеници од СВР Охрид и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, ги лишиле од слобода И.Д.(45) и Д.Д.(45), двајцата од Охрид. При претрес во нивниот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени бела прашката материја и пари за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 25.11.2021 на ул.„Марко Цепенков" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал ги лишиле од слобода Н.С. (37) од Охрид. При контрола тој исфрлил едно пакување со бела прашката материја, која била одземена. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.11.2021 во 17.30 часот на ул.„Партизанска" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Т.Ж.(25) и З.Ж.(56), двајцата од Битола. При претрес во домот и возилото „мерцедес" на Т.Ж., извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, пари и други предмети кои потекнуваат од кривично дело. Притоа, неговиот татко З.Ж. ги попречувал полициските службеници во извршување службени дејствија. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 25.11.2021 во во 15.30 часот во с.Богородица, гевгелиско, полициски службеници од ОВР Гевгелија го лишиле од слобода Д.М.(55) од с.Богородица. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и стебла од растението канабис. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.11.2021 во 19.00 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје, на подрачјето на Карпош ги лишиле од слобода Е.Б.(28) и О.У. (28), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.11.2021 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на територија на СВР Куманово била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 41 возач, од кои 18 на територија на Куманово, 13 на територија на Крива Паланка и 10 во Кратово.

На 25.11.2021 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на територијата на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 34 возачи, од кои 16 на подрачјето на Струмица, 12 на подрачјето на Радовиш, 4 во Гевгелија и 2 во Валандово. Од нив, 20 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 14 надвор од населено место. За сторените прекршоци возачите биле соодветно санкционирани.

На 25.11.2021 во 17.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Борис Трајковски", патничко возило „цитроен", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Ѓ.(50) од Скопје, удрило во пешакот Ѓ.Ѓ.(68) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.11.2021 во периодот од 10.00 до 15.00 часот, на пошироко гостиварско подрачје спроведена е акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. Во контролата откриени и санкционирани се 3 технички неисправни возила. Едно од нив имало неисправни сопирачки, а две биле со неизвршен технички преглед. Возилото со неисправни сопирачки веднаш е исклучено од сообраќај и на тројцата возачи изготвени им се соодветни поднесоци согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 25.11.2021 во 18.10 часот во Полициската станица Центар, К.Ф.(47) од Скопје пријавил дека на кеј „13 Ноември" бил каснат од две кучиња, кои биле со едно лице. По расчистување и документирање на случајот ќе следува поднесок.

Во текот на изминатото деноноќие (25.11/26.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 23 прекршоци.

На 25.11.2021 на ул.„Питу Гули" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 48-годишниот тетовец Н.Б., кој бил затекнат како врши кражба на дрва во дворот од куќата на Л.М.(48) во Тетово. Тој е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува поднесок.

На 25.11.2021 полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар при вршење контрола на лица околу почитување на мерките за здравствен надзор и домашна изолација утврдиле дека М.К. (31) од гостиварски Добридол не постапувал според решението на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и ќе му биде изготвен соодветен поднесок за „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија".

Денеска (26.11.2021) во периодот од 07.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната во и надвор од населено место. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 25 пречекорувања на максимално дозволената брзина (ТЕ-14 и ГВ-11). На сите прекршителите изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со законски предвидените парични гоби, а санкциониран бил и 1 друг вид сообраќаен прекршок.

На 25.11.2021 околу 19.40 часот полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 35-годишниот тетовец В.А., поради сомнение дека на подрачјето на Скопје сторил кривично дело „затајување". Се расчистува и документира случајот по што ќе следува соодветен поднесок.

На 25.11.2021 во СВР Битола било пријавено дека во периодот од 17.00 часот на 21.11.2021 до 09.00 часот на 24.11.2021 во Националниот парк „Пелистер", во атар на место викано „Широка", настанал пожар во планинарскиот дом „Ловечка куќа". Од пожарот објектот целосно изгорел, а повредени лица нема. Увид извршила екипа од СВР Битола, а за настанот бил известен Јавен обвинител.

СВР Велес кривична пријава против С.С.С.(48) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 13.08.2020 во Велес, полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот и врз три други лица, при што во ранец на пријавениот биле пронајдени опиум и повеќе пакувања со различни видови таблетки.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Т.Ј (44) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.04.2021 од полициски службеници Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, пријавениот заедно со М.М.(22) од Скопје биле затекнати без соодветна дозвола за движење во време на забрана за движење и притоа бил извршен преглед на патничко возило „пежо", при што кај М.М. била пронајдена една граната калибар 30 мм, М-93, намената за истрелување од автоматски фрлач на гранати.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.П.(41) од Скопје и И.Т.(53) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Пријавените неовластено издале одобрение за единечно возило за товарно возило „ман", сопственост на правно лице од Охрид, иако не ги исполнувало условите за единечно одобрение, со што му овозможиле на сопственикот на товарното возило да се стекне со материјална корист со регистрирање на возило, кое според Законот за возила не можело да се регистрира.

На 26.11.2021 во 02.00 часот во СВР Скопје, А.М.(52) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот сопруг Џ.М.(49) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Р.З.(49) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При извршен преглед кај пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против малолетник од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 24.09.2021 во Тетово, пријавениот физички нападнал друг малолетник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ѓ.Н.(25) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 25.05.2021 во Кичево, при контрола над патничко возило „ауди", во кое се превезувал Ѓ.Н., полициски службеници кај него пронашле и одзеле марихуана.

На 25.11.2021 во 13.25 часот во СВР Скопје, З.Н.(57) од Скопје пријавил дека од неговиот дом на ул.„Ѓорги Димитров" во Скопје две лица со закана му одзеле пари. СВР Скопје презема мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.А.(53) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 14.06.2021, врз угостителски објект во Гостивар, пријавениот физички нападнал полициски службеник и оштетил паркирано возило.